Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ласто Ѓорѓиески од Кисела Вода, Скопје УП2 09-352/23 од 5 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-848 од 19 септември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-848 од 19 септември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ласто Ѓорѓиески од Кисела Вода, Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-352/23 од 5 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-848 од 19 септември 2023 година на КЕЦ Аеродром, издадено поради незапазени минимални безбедносни растојанија од објект до 110kV далекувод на АД МЕПСО Скопје.

Според Електродистрибуција - согласно извршениот увид констатирано е дека станува збор за 110kV далекувод Скопје 4 - Југ Нова во сопственост на ЕВН, а објектот се наоѓа на 3 метри од далекуводот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 4 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Дополнување на Приговор УП2 09-352/23 од 5 декември 2023 година со прилог:
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 декември 2023 година со прилог:

-Приговор
-Извод од ГУП
-GIS скица
-Барање за согласност за приклучок
-Имотен лист
-Слики од објектот и далекуводот

-Приговараното Решение

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената слика е дека објектот е во непосредна близина до далекуводот на АД МЕПСО Скопје, односно не се запазени минималните безбедносни растојанија.

Согласно член 203 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Согласно член 35 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–352/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**